**Информација** за извршената завршна Конференција на твининг проектот со наслов: „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на водата“, организирана во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на водата“ финансиран од страна на ЕУ. Конференцијата се одржа во Скопје на 29 јануари 2019 година, под организација на МЖСПП.




This Project is funded by the European Union

## Конференција на твининг проектот финансиран од ЕУ: Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на *acquis* во областа на квалитетот на водата

Цел на овој проект беше да се зајакнат административните капацитети во областа на управувањето со водата преку спроведување на соодветното законодавство на ЕУ. Главните институции-корисници беа Министерството за животна средина и просторно планирање и Управата за хидрометеоролошки работи – Сектор Води. Главните партнери во проектот беа експерти од земјите-членки на ЕУ, поточно од Агенцијата за животна средина на Австрија, Министерството за животна средина на Република Литванија и Институтот Делтарес од Холандија. Покрај МЖСПП, на На Конференцијата покрај организаторите од Министерството за животна средина и просторно планирање беа поканети претставници на Амбасади и други гости од државни институции, новинари и соработници на проектот, како и претставници на УХМР.

Во рамки на Твининг Проектот беа третирани следните теми:

- Систем за издавање дозволи за користење
- Нацрт подзаконски акти за обезбедување на спроведувањето Рамковната директива за води
- Национален систем за мониторинг на водите
- План за управување со речниот слив Вардар (ПУРСВ) и Програма за мерки
- Административен капацитет за управување со води

**Забелешка**:

Во 2000 година, Комисијата на ЕУ ја усвојува „Рамковната директива на води-РДВ“. РДВ е донесена со цел да се подобри состојбата со квалитетот на водите во рамки на Европската Унија. МЖСПП го издаде Законот за водите во 2008, користејќи ги одредбите од РДВ, но ги запостави другите компоненти на водите. Мониторингот на водите не е само мониторинг на квалитетот на води како што го третира Законот за водите на РМ од 2008, туку реално има потреба и од мониторинг на квантитет, биланс и режим, што реално се обезбедува преку редовен хидролошки мониоторинг. Хидрологијата како основна гранка на мониторингот на води во завршениот Твининг Проект беше само делумно третирана и тоа како сегмент на квалитетот на водите, соодветно РДВ.



